# ОПШТИНА ВАЛАНДОВО

# *ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА 2017 ГОДИНА*

# СОДРЖИНА

1.Вовед
1.1. Основни податоци за Општината
1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот

2. Годишна сметка
2.1. Приходи на Општината
2.2. Расходи на Општината

3.Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите

4. Извештај за користење на финансиските средства од постојана и тековна резерва

5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка

*1.Вовед*
***1.1. Основни податоци за Општината***

*Според податоците од последниот попис во Општина Валандово живеат 11.890 жители, од кои претежно македонци а живеат и турци, срби и роми.*

*Општината се простира на површина од 331 км2 и опфаќа 16 населени места.*

*Од буџетот на општината со втората фаза на децентрализација со средствата од блок дотациите се финансира работа на пет буџетски корисници и тоа:*

1. *ООУ ,,Јосип броз Тито,, Валандово,*
2. *ООУ,, Страшо Пинџур,,с. Јосифово,*
3. *СОУ,,Гоце Делчев,, Валандово,*
4. *ЈОУ ,,Детска градинка ;;Калинка,,Валандово и*
5. *ЈОУ Дом на култура ,,25-ти Мај,, Валандово.*

***1.2. Буџет и Одлука за извршување на Буџетот***

*Буџетот на Општина Валандово за 2017 година е донесен на седница на Советот на Општина Валандово одржана на ден 28.12.2016 година. На истата седница е донесена и Одлука за извршување на Буџетот на Општина Валандово за 2017 година.*

*Во текот на 2017 година не е вршена Измена и дополнување на Буџетот на Општина Валандово за 2017 година.*

*Советот на Општина Валандово има донесено 1 (една) Одлуки за проширување на средствата во буџетот на општина Валаландово и тоа на сметката на донации на седниците одржани на ден 14.07.2017 година и 4 (четири) Одлуки за измена на распоредот на средствата во Буџетот за 2017 година и тоа на седниците одржани на ден 31.01.2017 година ,28.02.2017 година,12.05.2017 година и 14.07.2017 година. Промените се извршени во Буџет на дотации и во основниот Буџет.*

## 2. Годишна сметка

### 2.1. Приходи на Општината

Буџетот на Општина Валандово за 2017 година се состои од :

- Основен буџет
- Дотации
- Приходи од самофинансирачки активности и
- Донации

**Табеларен преглед на планирани и реализирани приходи:**

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 133.200.000 | 55.975.291 | 42,00 |
| Дотации | 103.662.000 | 96.995.536 | 93,60 |
| Самофинансирачки активности | 7.450.000 | 4.715.476 | 63,30 |
| Донации | 76.271.000 | 19.841.469 | 26,00 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **320.583.000** | **177.527.772** | **55,40** |

**а) Табеларен преглед на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани приходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 55.975.291 | 31,50 |
| Дотации | 96.995.536 | 54,60 |
| Самофинансирачки активности | 4.715.476 | 2,70 |
| Донации | 19.841.469 | 11,20 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **177.527.772** | **100** |

## а) Графички приказ на учество на приходи по сметки во вкупно реализирани приходи во Буџетот на Општина Валандово



***На сметката на Основниот Буџет на Општина Валандово планирани се и реализирани следниве приходи***

| ПРИХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **71 Даночни приходи** | **40.670.000** | **19.397.206** | **47,69** |
| 711 Данок од доход и од добивка | 1.260.000 | 1.504.254 | 119,39 |
| 713 Даноци на имот | 8.130.000 | 6.523.196 | 80,24 |
| 717 Даноци на специфични услуги | 29.650.000 | 11.354.376 | 38,29 |
| 718 Такси за користење и дозволи за вршење на дејност | 1.630.000 | 15.380 | 0,94 |
| **72 Неданочни приходи** | **9.910.000** | **2.881.531** | **29,10** |
| 722 Глоби, судски и адми. такси | 360.000 | 195.380 | 54,27 |
| **723** Административни такси и надоместици | 250.000 | 331.445 | 132,58 |
| 725 Други неданочни приходи | 9.300.000 | 2.354.706 | 25,32 |
| | | | |
| **73 Капитални приходи** | **40.500.000** | **6.024.356** | **14,87** |
| 731Продажба на капитални средства | 19.500.000 | 0 | 0 |
| 733 Продажба на зем и нем. вложувања | 21.000.000 | 6.024.356 | 28,69 |
| **74 Трансфери и донации** | **42.120.000** | **27.672.198** | **65,70** |
| 741 Трансфери од други нивоа на влада | 42.120.000 | 27.672.198 | 65,70 |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **133.200.000** | **55.975.291** | **42,02** |

*Од приложеното произлегува дека постојат поголеми отстапувања на реализираните во однос на планираните приходи, кај даночните приходи во ставка 717, неданочните приходи во ставка 725 и капиталните приходи.*

*Даночните приходи не се остварени во ставка 717 каде е планиран приход од надоместок за уредување на градежното земјиште. Овој приход не е извршен од причина што планираната продажба на градежното неизградено земјиште не е остварена во планираниот износ. Продажба на градежните парцели во индустриската зона во с. Јосифово е извршена при крајот на буџетската 2016 година и приходот од издавање на градежните дозволи не се реализиран во извештајниот период.*

*Неданочните приходи не се реализирани на ставка 725 каде е планиран повраќај на сопствено учество во проектот ,,Регулирање на корито на реката Странец и изградба на пешачка патека. Повраќај на уплатеното учество се врши по завршување на проектот а рокот за завршување на истиот е продолжен заклучно со месец март 2017 година.*

*Капиталните приходи не се остварени во планираниот износ од причина што планираната продажба на собраниската зграда не е извршена а во вкупно планираниот буџет учествуваат со 14,64% како и планираната продажба на градежно неизградено земјиште кое во вкупен буџет изнесува 6% не е реализирана.*

### *2.2. Расходи на Општината*

*Расходната страна на Буџетот на Општина Валандово, планирана е во согласност со законските прописи, програмското планитање како и потребите на Општината.*

*Табеларен преглед на планирани и реализирани расходи по сметки*

| Сметки | Планирано | Реализирани | % |
|---|---|---|---|
| Основен буџет | 133.200.000 | 55.975.291 | 42,02 |
| Дотации | 103.662.000 | 94.584.880 | 91,24 |
| Самофинансирачки активности | 7.450.000 | 4.102.013 | 55,06 |
| Донации | 76.271.000 | 19.841.469 | 26,01 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **320.583.000** | **174.503.653** | **54,43** |

**а) Табеларен преглед на учество на извршени расходи по сметки во вкупните расходи во Буџетот на Општина Валандово**

| Сметки | Реализирани расходи | % |
|---|---|---|
| Основен буџет | 55.975.291 | 32,10 |
| Дотации | 94.584.880 | 54,20 |
| Самофинансирачки активности | 4.102.013 | 2,40 |
| Донации | 19.841.469 | 11,30 |
| **ВКУПЕН БУЏЕТ** | **174.503.653** | **100** |

***а) Графички приказ на учество на расходите по сметки во вкупно реализираните расходи во Буџетот на Општина Валандово***



***Табеларен преглед на реализираните расходи во Основниот Буџет на Општина Валандово***

| РАСХОДИ | ПЛАНИРАНО | РЕАЛИЗИРАНО | % |
|---|---|---|---|
| **40 Плати, наемнини и надоместоци** | **14.570.000** | **12.706.262** | **87.11** |
| *401 основни плати и надоместоци* | 8.945.000 | 7.886.684 | 88.17 |
| *402 придонеси за социјално осигурување* | 3.041.000 | 2.782.935 | 91.51 |
| *404 надоместоци* | 2.584.000 | 2.036.643 | 71.34 |
| **41 резерви и недефинирани расходи** | **1.600.000** | **45.000** | **2.81** |
| *412 постојани резеви* | 1.000.000 | 0 | 0 |
| *413 тековни резерви резеви* | 600.000 | 45.000 | 7.50 |
| **42 стоки и услуги** | **31.130.000** | **15.678.842** | **50.36** |
| *420 патни и дневни расходи* | 1.145.000 | 349.800 | 30.55 |
| *421 комунални услуги, греење, ком и транспорт* | 8.742.000 | 6.762.116 | 77.35 |
| *423 ситен инвентар и резеревни материјали за поправки* | 2.182.000 | 1.550.891 | 71.08 |
| *424 поправки и тековно оддржување* | 4.200.000 | 1.976.962 | 47.06 |
| *425 договорни услуги* | 10.226.000 | 994.408 | 9.72 |
| *426 други тековни расходи* | 1.120.000 | 579.241 | 51.72 |
| *427 привремени вработувања* | 3.515.000 | 3.465.424 | 98.58 |
| **46 субвенции и трансфери** | **22.460.000** | **15.847.249** | **70.56** |
| *461 субвенции за јавните претприј,* | 450.000 | 204.480 | 45.44 |
| *463 трансвери до невладини органи.* | 2.120.000 | 1.716.200 | 80.95 |
| *464 разни трансфери* | 19.890.000 | 13.926.569 | 70.02 |
| **47 социјални бенифиции** | **420.000** | **218.000** | **51.90** |
| *471 социјални надоместоци* | 420.000 | 218.000 | 51.90 |
| **48 капитални расходи** | **63.020.000** | **11.479.938** | **18.22** |
| *480 купување на опрема и машини* | 690.000 | 159.724 | 23.15 |
| *481 градежни објекти* | 15.200.000 | 0 | |
| *482 други градежни објекти* | 44.930.000 | 11.320.214 | 25.50 |
| *485 други недефинирани средства* | 600.000 | 0 | |
| *486 купување на возила* | 1.600.000 | 0 | |
| **ВКУПНО** | **133.200.000** | **55.975.291** | **42,02** |

*Во реализираните расходи, субвенци и трансфери учествуваат со најголем процент кој изнесува со 28,32, потоа стоките и услугите со 28%, платите и надоместоците со 22,7 %, капиталните расходи 20,51%, резервите и недефинираните расходи и социјалните бенифиции 0,47 %.*

*На крајот на буџетската година салдата на сметките во Буџетот изнесуваат:*

- *Салдото на сметката на Основниот Буџет изнесува 12.715.048 денари и се пренесува како прилив на Основниот Буџет во 2017 година.*
- *Салдото на сметката на Дотации изнесува 9.384.264 денари и се пренесува како прилив во 2017 година.*
- *Салдото на сметката на Самофинансирачки активности изнесува 975.417 денари и се пренесува како прилив во 2017 година.*
- *Салдото на сметката на Донации изнесува 2.976.597 денари и се пренесува како прилив во 2017 година.*

### *3. Извештај за реализација на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите*

*Во рамките на Буџетот на Општина Валандово за 2017 година реализирани се следниве инвестициони програми:*

*1.Во капиталната програма ЈД – изградба и реконструкција на локални патишта и улици со Развојната програма за 2017 година планирани се средства во износ од 7.950.000 денари а се реализирани во износ од 5.683.976 денари од кои 4.323.780 денари за изградба и реконструкција на улици и патишта според програма усвоена од Совет на општина, 1,309,730 за изградба на одводен канал во населено место Брајковци и 50,466 за надзор над изградба на наведените проекти.*

*За ова програма се доставува посебен Извештај до Советот на Општина Валандово.*

*2.За завршување на проектот изградба на пензионерски дом во парк во с. Пирава започнат во 2016 година се реализирани средства во износ од 434,810,00 денари.*

*3. Во 2017 година за изградба на канализација во населено место Брајковци и Балинци од планираните 5.200.000 денари се реализирани 4.389.594 денари. Завршување на проектот е планиран во 2018 година.*

*4.За рушење на културен дом во населено место Марвинци со бетонирање на подна подлога реализирани се средства во износ од 712.165 денари.*

*5. Во буџетот на донација во 2017 година е планирано завршување на проектот ,,Регулирање на коритото на реката Странец и изработка на пешачка патека. Вредноста на проектот износува 30.070.000 денари кој е почнат со реализација во 2015 година. Во 2015 година за овој проект реализиран е приход во износ од 18,253,859 денари а расходот во износ од 4.123.295 денари. Во 2016 година проектот е реализиран во износот од 11.957.266,00 денари а во 2017 година е реализиран во износ од 7.531.182 денари од кои капитални расходи изнесуват 6.968.974 денари. Согласно Договорот рокот за завршување на проектот беше месец септември 2016 година а е продолжен до месец март 2017 година.*

*6. Во буџетот на донација во 2017 година е планиран е проект Изградба на систем за превенција и рано предупредување од поплавите со вредноста на проектот од 243 110 ЕУР. Во 2017 година проект е реализиран во износ од 9.713.383 денари од кои 3.338.576 денари за набавка на опрема за мерните станици.*

*7. За исплата на платите на вработените и трошоците за тековното работење, во програмите Н1- основно образование, Н2-средно образование, В1- детска градинка, К1, К2 и К3- Дом на културата, се трансферирани средства во вид на блок дотација во износ од 93.702.996 денари, а се искористени средства во износ од 91.292.340 денари.*

*10.Во Програмата ЊО за исплата на плати на вработените во противпожарната единица искористени се средства во износ од 3.292.540 денари, трансферирани на општината во вид на наменска дотација.*

## *4. Извештај за користење на финансиски средства од постојаната и тековната резерва*

*Во Буџетот на општина Валандово за 2017 година планирани се средства за резерви во износ од 1.600.000 денари и тоа за постојана резерва 1.000.000 денари (која се наменети за отстранување на последиците од елементарните непогоди) и 600.000 денари за тековна резерва (за исплата на непредвидиви трошоци). Планираните средства од постојаните средства не се реализирани а од тековната резерва искористени се средства во износ од 45.000 денари и тоа :*

- *30.000 денари на Илија Николов од с.Јосифово за пренесување на телото на починатиот син Зоран Николов од Пијаченца Италија, со Одлука донесена од Советот на општината бр.08-26/4 од 31,03,2017 година.*
- *15.000 денари за парична помош за смрт на член од семејството на Сузана Кнежевиќ, вработена во ЈОУ Детска градинка ,,Калинка,,Јосифово, со Решение донесено од Градоначалник број 05-753/2 од 18.09.2017 година. Исплата на надоместок е регулирана со Одлука за извршување на Буџет.*

## *5. Извештај од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка*

*Одговорниот сметководител потврдува дека завршната сметка за 2017 година е изготвена во согласност со позитивните законски прописи на Република Македонија и сите податоци искажани во Годишната сметка се точни и веродостојни.*

Република Македонија-Општина Валандово
ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Бр. 08 - 32/3
13.03. 2018 год
Валандово

Врз основа на член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа („службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009, 47/11 и 192/15), член 36 став 1 точка 2 и член 62 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002), и член 21 став 1 точка 4, член 45 и 48 став 1 од Статутот на Општина Валандово, Советот на Општина Валандово, на седмата редовна седница, одржана на ден 13.02.2018 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

## за усвојување на Годишниот Извештај на Општина Валандово за 2017 година

1. **СЕ УСВОЈУВА** Годишниот извештај на Општина Валандово за 2017 година.

Составен дел на годишниот извештај се:

- годишната сметка;
- извештајот за реализацијата на инвестиционите програми, наменските, капиталните и блок дотациите;
- извештајот за користење на финансиските средства од постојаната и тековната резерва и
- извештајот од одговорниот сметководител со кој ја потврдува точноста и веродостојноста на годишната сметка.

2. Заклучокот влегува во сила од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Валандово“.

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВАЛАНДОВО
Претседател
Владимир Марков